Јавно претпријатие за комунални дејности
на Општина Аеродром
Бр. 02-535/2
28-10-2025 20 год.
Скопје

Управниот одбор на ЈП за комунални дејности на општина Аеродром на предлог на Директорот на ЈП, а врз основа на член 26 став 2, точка 8 од Статутот на ЈП за комунални дејности на Општина Аеродром (пречистен текст) бр. 01-375/1 од 17.12.2024, а согласно член 19 став 2, точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) на својата редовна седница одржана на ден 28.10.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за давање согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за комунални дејности

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за комунални дејности, за период ( јули,август и септември 2025 година ).
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територија на општина Аеродром. Вкупните трошоци се во износ од 6.826.096,00 денари за период (јули,август и септември 2025 година).

Останатите трошоци - Во оваа група се класифицираат трошоците кои се настанати како резултат на работењето, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски услуги, надворешни услуги и интелектуални услуги за Управен и Надзорен одбор), матријални трошоци, трошоци за лиценца, банкарски трошоци (провизии) се во износ од 15.402.409,00 денари за месеците јули,август и септември 2025 година.

**Вкупните трошоци за период јули-септември се во износ од 22.228.505,00 денар.**

Изготвил
Соработник
Одделение за буџетска координација
Мишкоска Наташа

Претседател на Управен одбор

Николче Златевски

Јавно претпријатие за комунални дејности Општина Аеродром * Скопје *